**Дополнување на Барањето за Б Интегрирана еколошка дозвола за Друштво за транспорт и услуги „РЕЦКОСС-ТРАНС ЛТД“ ДООЕЛ Скопје - Подружница 3 – Скопје согласно Заклучок (Бр. 08-3788/2 од 24.04.2026) од Град Скопје**

## *II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ*

*-Мапа скица на локацијата на инсталацијата со координати на точките на границите на инсталацијата*

Друштвото за транспорт и услуги "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје, се наоѓа на ул. Благоја Георгиевски – Буштур бр. 3 Скопје, Кисела Вода во Општина Кисела Вода, на катастарска парцела број 5341/1 во КО Кисела Вода 2 (Слика 1).

Координатите на Инсталацијата (складиштето) на "РЕЦКОСС – ТРАНС" се:

- X: 41.575675 Y: 21.285216
- X: 41.575342 Y: 21.285847
- X: 41.575190 Y: 21.285544
- X: 41.575433 Y: 21.285023




Слика 1 Приказ на КП 5341/1 на која е лоцирана инсталацијата "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 – Скопје

## II ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

*Најдобри достапни техники применети при функционирањето на "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје*

Инсталацијата "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје ги следи и ги применува **Најдобрите Достапни Техники (НДТ) за третман на отпад** дадени во референтниот документ за најдобри достапни техники (Best Available Techniques (BAT) Reference Document for Waste Treatment).

I. Со цел подобрување на целокупните еколошки перформанси, инсталацијата “РЕЦКОСС – ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје го има имплементирано и го почитува системот за управување со животната средина ISO 14001 кој претставува **НДТ 1 – Систем за управување со животната средина (како дел од генералните НДТ за третман на отпад).** ISO 14001 е сеопфатен систем за управување со животната средина (EMS) кој вклучува силна посветеност на менаџментот, дефинирање на Политика за животна средина насочена кон континуирано подобрување и планирање на јасни цели и процедури.

Системот ISO 14001 инсталацијата го спроведува (со јасно дефинирани одговорности, обучен кадар, ефективна комуникација, контрола на процесите, одржување и подготвеност за итни случаи) и обезбедува усогласеност со законската регулатива. Ги следи перформансите, презема корективни мерки, води евиденција и спроведува ревизии. Инсталацијата се стреми кон постојано подобрување на работењето преку примена на почисти технологии и ги разгледува влијанијата врз животната средина во текот на целиот животен циклус на своето секојдневно работење. Изготвуваат конкретни оперативни планови за управување со тековите на отпад, како и **План за управување со хаварии и реагирање во итни случаи кој е дел од барањата на НДТ 1 – Систем за управување со животната средина ISO 14001 (EMS). Овој план веќе е изготвен од страна на инсталацијата.**

II. Согласно **НДТ 2 – Инвентар на влезни и излезни текови на отпад (како дел од генералните НДТ за третман на отпад),** 6$^{те}$ техники кои се опфатени се прикажани во продолжение постојано се применуваат во инсталацијата “РЕЦКОСС – ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје**:**

- **Техника а:** Поставување и спроведување на процедури за карактеризација на отпад и претходно прифаќање;
- **Техника б**: Поставување и спроведување на процедури за прифаќање на отпад;
- **Техника ц**: Поставување и имплементирање на систем за следење и инвентаризација на отпад;
- **Техника е**. Селекција на отпадот;
- **Техника ф**. Обезбедување на компатибилност со отпадот пред мешање на отпадот;
- **Техника г**. Сортирање на пристигнатиот отпад.

**Инсталацијата “РЕЦКОСС – ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје спроведува процедури за претходна проценка на отпадот пред негово прифаќање. Ова вклучува проверка на видот, потеклото и составот на отпадот врз основа на доставена документација од компаниите од кои се презема отпадот, со цел да се утврди дали отпадот е соодветен за физичко механички третман во инсталацијата.**

**При приемот на отпадот се врши визуелна инспекција и проверка на придружната документација. Отпадот се прифаќа само доколку е во согласност со претходно утврдените критериуми, со што се обезбедува контролиран и безбеден влез во инсталацијата.**

**Се води евиденција за сите количини и видови на отпад кои влегуваат, се складираат и им се врши физичко механички третман во инсталацијата.**

**Отпадот се складира и третира одделно според неговиот вид и карактеристики. Со ова се спречува поставување на некомпатибилни материјали и се овозможува поефикасен и побезбеден третман.**

**По приемот, цврстиот отпад се сортира рачно, со цел да се одвојат различните фракции и да се насочат кон соодветен третман.**

III. **За да се намали ризикот врз животната средина поврзан со складирањето на отпад во рамки на инсталацијата "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје се применува НДТ 4 – намалување на ризиците по животната средина (како дел од генералните НДТ за третман на отпад), во кој се содржани 4 техники за безбедно и ефикасно складирање на отпад во инсталацијата**.

- ✓ Локацијата за складирање во инсталацијата "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје - **техника а од НДТ 4**, е подалеку од чувствителни подрачја (како водотеци) и организирана е на начин да се минимизира непотребното ракување и транспорт на отпадот во рамки на истата.
- ✓ Во инсталацијата "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје е обезбеден соодветен капацитет за складирање – **техника б од НДТ 4**, при што јасно е дефинирана максималната дозволена количина на отпад и времето на негово задржување. Количините на отпади редовно се следат за да се избегне прекумерно концентрирање на отпади, особено земајќи ги предвид ризиците и опасностите кои може да бидат предизвикани.
- ✓ Во однос на безбедното работење – **техника ц од НДТ 4**, во "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје се применуваат мерки како јасно означување и документација на опремата, заштита на отпадот од надворешни влијанија (топлина, светлина, влага) и користење на соодветни и безбедни садови за складирање на отпадот.

IV. **За да се спречат или, кога тоа не е практично можно, да се намалат дифузните емисии во воздухот, особено на прашина, органски соединенија и мириси, се користи НДТ 14 (како дел од генералните НДТ за третман на отпад)**. Една од клучните техники е **техника а** - минимизирање на изворите на емисии, која во инсталацијата се постигнува преку внимателно ракување со материјалите и контролирање на работните процеси. Вработените во инсталацијата, при ставање на материјалот во машината за сечење или при негово одложување на земја, секогаш внимаваат на висината од која материјалот се испушта, со цел да се намали создавањето прашина. Дополнително, се почитува ограничувањето на брзината на движење на возилата во постројката, што придонесува за намалени емисии на прашина и подобрување на квалитетот на воздухот. Дополнително, вработените во инсталацијата се грижат за редовно одржување на опремата – **техника ф,** при што се обезбедува навремено откривање и санација на дефекти. Исто така, значајна улога има редовното чистење на сите површини во инсталацијата – **техника г,** вклучувајќи ја и опремата и садовите на што вработените секојдневно посветуваат време на тоа. Со овие мерки се одржува чиста работна средина и се намалува ширењето на загадувачки материи во воздухот.

V. **НДТ 18 од документот НДТ за третман на отпад се применува за спречување или, кога тоа не е можно, за намалување на емисиите на бучава и вибрации од инсталацијата “РЕЦКОСС – ТРАНС”.** Соодветната локација на инсталацијата која се наоѓа далеку од населени места доведува до тоа да емисиите на бучава предизвикани од секојдневното работење да бидат незначителни за чувствителните рецептори (население, училишта, градинки).

VI. За да се намалат емисиите во почвата и водата во инсталацијата “РЕЦКОСС – ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје се применува **НДТ 19 од документот НДТ за третман на отпад** односно техниката на користење непропустлива површина. Во инсталацијата РЕЦКОСС, целосната опрема и отпадот се поставени на бетонска површина, што спречува инфилтрација на загадувачки материи во почвата и подземните води. На овој начин се обезбедува контрола на истекувања и се намалува ризикот од загадување на почва.

VII. **НДТ 21 спречување и ограничување на последиците по животната средина од несреќи и инциденти (како дел од генералните НДТ за третман на отпад)** опфаќа мерки за заштита на животната средина во случај на несреќи или инциденти. Првата техника се однесува на воспоставување на заштитни мерки, кои вклучуваат системи за заштита од пожар и експлозии, со опрема за нивна превенција, рано откривање и гасење. Во рамки на инсталацијата “РЕЦКОСС – ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје за заштита од пожари се користат 14 противпожарни апарати (ППА) од типот S-9 и сув прав кои се соодветно означени, редовно сервисирани и поставени на соодветни локации.

Втората техника се однесува на управување со случајни или инцидентни емисии. За таа цел се воспоставуваат процедури и технички решенија за контрола и задржување на емисиите што можат да настанат при инциденти, како што се истекувања, загадена вода од гасење пожар или испуштања преку сигурносни вентили. Со овие мерки се намалуваат негативните влијанија врз животната средина. Во рамки на инсталацијата за заштита од инцидентно истекување се користат - апсорбенти, комплети за истекување кои се поставени на соодветни лесно достапни локации.

VIII. Како дел од техниките за сортирање кои се дел од Поглавје 6.6.4 од НДТ за третман на отпад кои се применуваат во инсталацијата “РЕЦКОСС – ТРАНС” се следните:

- ✓ <u>рачно сортирање</u> на отпадот,
- ✓ како и <u>сортирање според големината на отпадот</u>.

Материјалот се одвојува рачно со визуелен преглед од страна на вработените во инсталацијата “РЕЦКОСС – ТРАНС” на местото одредено за таа намена, или за селективно отстранување на отпадниот материјал (кој не е дел од процесот во инсталацијата) од материјалот кој се користи како суровина како што се: стаклото, гумите, пластиката, дрвените палети, алуминиумот и батериите заедно со акумулаторите.

Во инсталацијата по рачното сортирање на металниот и не металниот отпад потоа се врши <u>сортирање според големината</u> каде поголемите метални парчиња се сечат или дробат со соодветна специјализирана опрема, како ножици и преси.

## *III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА*

- Во компанијата "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје лицето Амар Даути е назначен како одговорен за прашањата од животната средина. Контакт податоци за одговорното лице: тел. 071 / 227 945 и e-mail: amar.dauti@reckosstrans.com

*Решение за назначување на одговорно лице за животна средина*

Врз основа на одредбите од Закон за управување со отпад, Управителот на друштвото РЕЦКОСС ТРАНС ЛТД ДООЕЛ Скопје, 01.01.2026 година го донесува следното:

**РЕШЕНИЕ**
за назначување на одговорно лице за животна средина

Член 1

Со ова решение, за одговорно лице за животна средина / управување со отпад во друштвото РЕЦКОСС ТРАНС ЛТД ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Благоја Георгиевски - Буштур бр.3 со ЕДБ 4038019514457 и ЕМБС 7341148 се назначува лицето Амар Даути со ЕМБГ1705998450060 на работно место Управител.

Член 2

Назначеното лице ќе биде одговорно за:

- следење и примена на законските прописи од областа на животната средина
- постапување согласно обврските од Закон за управување со отпад
- водење на евиденција за создаден, складиран и предаден отпад
- изготвување и доставување на извештаи (Б-ЕДО, годишни извештаи и сл.)
- правилна класификација на отпадот согласно Листата на отпад
- соработка со надлежните институции, вклучително и Министерство за животна средина и просторно планирање и инспекциски органи
- контрола на условите за складирање и управување со отпад во рамки на друштвото

Член 3

Назначеното лице е должно да ги извршува задачите совесно и во согласност со важечките законски и подзаконски акти.

Член 4

Ова решение стапува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје,01.01.2026 година

РЕЦКОСС ТРАНС ЛТД Скопје

РЕЦКОСС ТРАНС ЛТД ДООЕЛ СКОПЈЕ

## *IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА*

### Кади за задржување при евентуално истекување при складирање на хемикалиите

Хемикалиите се складираат во посебно означен, покриен и вентилиран простор, во оригинална амбалажа, со обезбедена секундарна заштита (кади за задржување при евентуално истекување). Кадите за секундарна заштита, кои се користат во инсталацијата, при складирање на хемикалиите (моторни масла) се прикажани на Слика 2. Истите се изработени од железо и се со две димензии:

- Висина 105 cm x ширина 150 cm x должина 130 cm; и
- Висина 100 cm x ширина 150 cm x должина 105 cm



Слика 2 Приказ на кадите за задржување при евентуално истекување на моторни масла во инсталацијата "РЕЦКОСС – ТРАНС" ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје

Кадите се изработени со соодветен капацитет за зафаќање на евентуалното истекување од складираното масло во буриња и понатамошно соодветно постапување со истекувањата согласно националното законодавство за управување со отпад и заштита на животна средина.

Табела 5 Суровини и помошни материјали кои се користат за одвивање на активностите во “РЕЦКОСС-ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје Подружница – 3 – Скопје

| Реф. Бр | Материјал/ Супстанција[(1)] | CAS[(4)] Број | Категорија на опасност[(2)] | Моментално складирана количина (тони) | Годишна употреба (тони) | Р и С фрази[(3)] |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Mobil Hydraulic AW 68 | 128-39-2, 4259-15-8 | Не е опасна хемикалија | 0,2 t | 2,4 t | R52/53, S2, S24, S37, S61 |
| 2 | Mobil Delvac Modern™ 10W-40 Super Defense V1 | 64742-54-7, 125643-61-0, 113706-15-3, 1928735-59-4 | Не е опасна хемикалија | 0,2 t | 2,4 t | R52/53, S2, S24, S37, S 46, S61 |
| 3 | Боци со компримиран гас - кислород | 7782-44-7 | Класа 2 Класа 5.1 - оксидирачки материи | околу 0,8 t | околу 8 t | R8, R34*, S17, S23, S36/37, S45 |
| 4 | Плински боци | 74-98-6 | Класа 1 – високо запалив гас | 0,04 t | 0,16 t | R12, S2, S9, S16, S33, S45 |
| 5 | Вода | 7732-18-5 | / | околу 1-2 t | 12-24 t | / |
| 6 | Електрична енергија | / | / | 1000-1200 kW | 12.000-14.400 kW | / |
| 7 | Дизел гориво | 68334-30-5 | Класа 3 – запалливи течности | 20.000 t | 240.000 t | R11, R12, R22, R38, R40, R45, R51, R53, R65 S16, S17, S24, S25, S45, S53, S61, S62 |

## *V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД*

Табела 6 Видови и количини на неопасен отпад кои се складираат во инсталацијата, пред истите да се сортираат, селектираат, препакуваат или некои отпади да се преработат

| **Реф. Бр.** | **Вид на отпад/материјал** | **Број од Европскиот каталог на отпад** | **Количина** | | **Метод и локација на одложување** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Количина по месец [тони]** | **Годишна количина [тони]** | |
| 1. | Отпад од бакар, бронза и месинг | 17 04 01 | / | 709 | Се сортира и селектира во посебен сад, потоа се сече, се мери, се пакува во џамбо вреќи и се предава на овластени постапувачи (УРМЕТ МЕТАЛ) на отпад, со кои инсталацијата има склучено договор. |
| 2. | Отпад од алуминиум | 17 04 02 | / | 1.690 | Се сортира и селектира во посебен сад, потоа се сече, се мери, се пакува во џамбо вреќи и се предава на овластени постапувачи (ЗОДИАК ШПК, АМА РЕЦУЦЛИНГ) на отпад, со кои инсталацијата има склучено договор. |
| 3. | Отпад од олово | 17 04 03 | / | 19,6 | Се сортира и селектира во посебен сад, а потоа се предава на овластен постапувач (ТАБ-МАК) на отпад, со кој инсталацијата има склучено договор. |
| 4. | Отпад од цинк | 17 04 04 | / | 40 | Се сортира и селектира во посебен сад, а потоа се предава на овластен постапувач (ИНТЕРМЕТАЛ ГМБХ) на отпад, со кој инсталацијата има склучено договор. |
| 5. | Отпад од железо и челик | 17 04 05 | / | 30.747 | Се сортира и селектира во посебен сад, потоа се сече, се мери, се пакува во џамбо вреќи и се предава на овластен постапувач (СИДЕНОР) на отпад, со кој инсталацијата има склучено договор. |
| 6. | Отпад од калај | 17 04 06 | / | 0,14 | Се сортира и селектира во посебен сад, потоа се сече, се мери, се пакува во џамбо вреќи и се предава на овластен постапувач (УРМЕТ МЕТАЛ) на отпад, со кој инсталацијата има склучено договор. |

**Во Табела 6 се дадени количини на отпади со кои Операторот на инсталацијата “РЕЦКОСС-ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје Подружница – 3 – Скопје постапувал во 2025 година од кога му е издадена Дозволата за вршење на дејност за управување со отпад (складирање, преработка или рециклирање на отпад) (Арх. бр. 11-5270/4 од 17.11.2025) од Министерство за животна средина и просторно планирање.*

*Со останатите шифри на отпади опфатени со Дозволата за управување со отпад, Операторот не вршел физички и механички третман во 2025 година.*

Табела 7 Видови и количини на опасен отпад кој се складираат во инсталацијата, пред истите да се предадат на овластени компании

| **Реф. Бр.** | **Вид на отпад/материјал** | **Број од Европскиот каталог на отпад** | **Количина** | | **Преработка/ одложување** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Количина по месец [тони]** | **Годишна количина [тони]** | |
| 1. | Отпад од оловни акумулатори | 16 06 01* | / | 133,03 | Се сортира и селектира во посебен сад, а потоа се предава на овластен постапувач (ТАБ-МАК) на отпад, со кој инсталацијата има склучено договор. |

Табела 8 Видови и количини на генериран отпад од работењето на инсталацијата

| **Реф. бр** | **Вид на отпад/материјал** | **Број од Европскиот каталог на отпад** | **Количина** | | **Преработка/ одложување** | **Метод и локација на одложување** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Количина по месец [тони]** | **Годишна количина [тони]** | | |
| 1. | Измешан комунален отпад | 20 03 01 | Околу 0,4 t | 4,8 t | Одложување во контејнери за комунален отпад и предавање/собирање од страна на ЈП “Комунална Хигиена” Скопје | ЈП “Комунална Хигиена” Скопје и одведување на депонија Дрисла |
| 2. | Мил од септички јами | 20 03 04 | Околу 24 t | Околу 290 t | Собирање во бетонска септичка јама и предавање/празнење на истата од страна на ДПУ “Грин Тим” ДОО Битола | ДПУ “Грин Тим” ДОО Битола и одведување во пречистителна станица |

## *XII ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ*

Табела 10 Програма за подобрување на инсталацијата “РЕЦКОСС – ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 - Скопје

| **ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ** | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| 1. | Активност бр. 1<br><br>Опис на активноста: **Мониторинг на прашина во воздухот, во рамки на инсталација.**<br><br>Оваа активност ќе опфати спроведување редовни (месечни или квартални) мерења на прашината во воздух, во рамки на инсталацијата. Целта на оваа активност е проверка на ефикасноста на мерките против прашина (НДТ – мониторинг) .<br><br>Одговорно лице за спроведување на оваа активност е назначеното лице за управување со животната средина во инсталацијата, како и акредитирана лабораторија за мерење на квалитет на амбиентален воздух.<br><br>Документација: сертификат за калибрација на уред, Формулари за мерење/месечни извештаи / лабораториски анализи.<br><br>Предвидена дата за почеток на реализацијата: 01.07.2026<br><br>*Вредност на инвестицијата: околу 250.000 денари* | 01.07.2028 |
| 2. | Активност бр. 2<br><br>Опис на активноста: **Набавка на машина за селекција на алуминиум.**<br><br>Набавка и користење на машина за селекција на алуминиум, ќе обезбеди ефикасно, прецизно и економично издвојување на алуминиумскиот отпад од останатиот мешан отпад, со што се подобрува процесот на рециклирање и се намалува влијанието врз животната средина.<br><br>Одговорно лице за спроведување на оваа активност е Директор/Управител на инсталацијата.<br><br>Документација: фактура од набавка на машината, запис од пуштање ви употреба, упатство за ракување и др.<br><br>Предвидена дата за почеток на реализацијата: 01.08.2026<br><br>*Вредност на инвестицијата: минимум 2.000.000 евра.* | 01.08.2030 |
| 3. | Активност бр. 3<br><br>Опис на активноста: **Е-документација и евиденција на сите активности кои се спроведуваат во инсталацијата: видови на отпад, обуки, инциденти и др.**<br><br>Оваа активност ќе опфати воведување дигитален систем за евиденција на сите отпадни текови, инциденти и дозволи. Целта на оваа активност е подобрување на транспарентност, лесен пристап и отчетност (NDT / BAT: ISO 9001/14001 практика) -<br><br>100% записи дигитално достапни. | 01.07.2029 |

| ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| | Одговорно лице за спроведување на оваа активност е назначеното лице за технички администратор во инсталацијата. Документација/Верификација: договор со софтвер, упатство за користење/аудит на е-евиденција, контрола на комплетност на записи.<br><br>Предвидена дата за почеток на реализацијата: 01.07.2026<br><br>*Вредност на инвестицијата: Инвеститорот сеуште нема точни пресметки за спроведување на оваа активност.* | |
| 4. | Активност бр. 4<br><br>Опис на активноста: **Обуки на вработените во областа на заштита на животната средина.**<br>Оваа активност ќе опфати обучување и едукација за ракување со отпад, безбедносни процедури и заштита на животна средина (пр. ажурирање на системот ISO 14001:2015, итн.) на вработениот персонал во инсталацијата. Целта на оваа активност е подигање на свеста и примена на најдобри практики (НДТ – управување/обука), со ≥90% вработени обучени годишно. Одговорни лица за спроведување на оваа активност се менаџерот за човечки ресурси и одговорното лице за управување со животната средина.<br>Документација: програма за обука, листи на присутни, сертификати/потписи од учесниците, извештај од евалуација на тренинг.<br><br>Предвидена дата за почеток на реализацијата: 1.6.2026<br><br>*Вредност на инвестицијата: околу 140.000 денари.* | 01.06.2027 |

**Имотен лист** Кисела вода 2 -  13.06.2025, за на “РЕЦКОСС – ТРАНС” ЛТД ДООЕЛ Скопје – Подружница 3 – Скопје

* Центар за катастар на недвижности Скопје — Нотар Ана Дојчиновска Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-132658/2025 од 13.06.2025 09:51:09

Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија
Издаден на: Elektronski Salter
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: 51 28 51 02
Валиден до: 17.08.2025
Датум и час на потпишување: 13.06.2025 во 09:51:56
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1105-132658/2025

# ИМОТЕН ЛИСТ број: 45272 ПРЕПИС
## Катастарска општина: КИСЕЛА ВОДА 2

**ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ**

| Ред. бр. | ЕМБГ / ЕМБС | Име и презиме / Назив | Адреса / Седиште | Дел на недвижност | Правен основ на запишување | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 7341148 | ДРУШТВО ЗА ТРАНСПОРТ И УСЛУГИ РЕЦКОСС-ТРАНС ЛТД ДООЕЛ СКОПЈЕ | КАЛОШ ДАНИ 75, СКОПЈЕ | 1/1 | Солемнизација- Договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ бр.1890/24 од 13.12.24 Нотар Анастасија Петреска | 1112-30073/2024 | 13.12.2024 11:13:58 |

**ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ**

| Број на катастарска парцела | | Викано место/улица | Катастарска | | | Површина во м2 | Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост | Право превземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем | Бр. на совп. лист | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | култура | | класа | | | | | | |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | гиз | | 11667 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 1 | | 455 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 2 | | 1237 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 3 | | 166 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 4 | | 8 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 5 | | 7 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 6 | | 96 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 7 | | 8 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 8 | | 181 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 9 | | 15 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 10 | | 23 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1105-132658/2025 од 13.08.2025 09:51:09

1105-132658/2025

# ИМОТЕН ЛИСТ број: 45272 ПРЕПИС
## Катастарска општина: КИСЕЛА ВОДА 2

### ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| Број на катастарска парцела | | Викано место/улица | Катастарска | | | Површина во м2 | Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост | Право превземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем | Бр. на евид. лист | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | култура | | класа | | | | | | |
| 5341 | 1 | БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР | гз | зпз 11 | | 36 | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |

### ЛИСТ В: ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

| Број на катастарска парцела | | Адреса (улица и куќен број на зграда) | Бр. на зграда/друг објект | Нам. на згр. и друг. об. | Намена на зг. превземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем | Влез/Кат/Број на посебен/заеднички дел од зграда | | | Намена на посебен/заеднички дел од зграда | Внатрешна површина во м2 | Отворена површина во м2 | Волумен во м3 | Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост | Право превземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем | Бр. на евид. лист | Бр. на пред. по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | | | Влез | Кат | Број | | | | | | | | | |
| 5341 | 1 | УЛ.БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР БР.3 | 1 | | Б1-1 | 001 | ПР | 000 | ДП | 163 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | УЛ.БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР БР.3 | 1 | | Б1-1 | 002 | ПО | 000 | ДП | 138 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | УЛ.БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР БР.3 | 1 | | Б1-1 | 002 | ПР | / | ДП | 160 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | УЛ.БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР БР.3 | 11 | | Б1-1 | 001 | ПР | 000 | ДП | 30 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | УЛ.БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР БР.3 | 6 | | Б1-1 | 001 | ПР | 000 | ДП | 74 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | УЛ.БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР БР.3 | 8 | | Б1-1 | 001 | ПР | 000 | ДП | 55 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |
| 5341 | 1 | УЛ.БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ-БУШТУР БР.3 | 8 | | Б1-1 | 002 | ПР | 000 | ДП | 55 | | | СОПСТВЕНОСТ | | | 1112-10390/2022 | 26.04.2022 |

### Г.Промени на други стварни права и други права чие запишување е утврдено со закон, прибележување на факти од влијание за недвижностите и предбележување

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-132658/2025 од 13.06.2025 09:51:09

1105-132658/2025

# ИМОТЕН ЛИСТ број: 45272 ПРЕПИС
## Катастарска општина: КИСЕЛА ВОДА 2

